INTERNATIONAL BACCALAUREATE
BACCALAURÉAT INTERNATIONAL
BACHILLERATO INTERNACIONAL

M01/167/S(1)

**MACEDONIAN A1 – STANDARD LEVEL – PAPER 1**
**MACEDONIEN A1 – NIVEAU MOYEN – ÉPREUVE 1**
**MACEDONIO A1 – NIVEL MEDIO – PRUEBA 1**

Thursday 17 May 2001 (afternoon)
Jeudi 17 mai 2001 (après-midi)
Jueves 17 de mayo de 2001 (tarde)

1 hour 30 minutes / 1 heure 30 minutes / 1 hora 30 minutos

INSTRUCTIONS TO CANDIDATES

- Do not open this examination paper until instructed to do so.
- Write a commentary on one passage only. It is not compulsory for you to respond directly to the guiding questions provided. However, you may use them if you wish.

INSTRUCTIONS DESTINÉES AUX CANDIDATS

- Ne pas ouvrir cette épreuve avant d'y être autorisé.
- Rédiger un commentaire sur un seul des passages. Le commentaire ne doit pas nécessairement répondre aux questions d'orientation fournies. Vous pouvez toutefois les utiliser si vous le désirez.

INSTRUCCIONES PARA LOS ALUMNOS

- No abra esta prueba hasta que se lo autoricen.
- Escriba un comentario sobre un solo fragmento. No es obligatorio responder directamente a las preguntas que se ofrecen a modo de guía. Sin embargo, puede usarlas si lo desea.

Коментирајте <u>еден</u> од следниве извадоци:

1(а)

Црната инвазија потече по небото од зад Црното и Мраморното Море; мачно гракање проструи по утрината поросена и студена, по друмјето, заградено од стражари и од смртта, и потонато во евли и во платани, во зелено жито и црници, во калинки, смокви и праски, и во здивот на пролетта.

Над морето изгревот трепери од далгите. Потоната во магливост и со бел бајрак, Хортич Планина наликува на мртов стражар. Оддесно капе слаба светлина врз растоката на Вардар и врз градините во кои на трендафилите веќе се јавиле првите пупки под беломорската топлина.

И тогаш црниот порој се истури над Солун и златни мониста од изгревот го посипуваат морето. Редок ветер го зафати градот, ги заниша чуновите и бродовите, ги замрси бајраците на странските конзулати на булеварот Хамидие, платаните во паркот Бекчинар и сувите души на амлите крај пристаништето и во Капан Пазар.

Сонцето одново застанува врз темносината линија на морето, небото ја појавува бојата на зографите од некогашната црква Света Софија, сега Аја Џамија, а куќите крај пристаништето и во делот наречен Рај ќе болскотнат добивајќи ја беломраморната боја.

Надлетувајќи ги сите шест кули на Еди Куле, јатото се спушти на седмата. Беше гладно и спремно за уништување. Стражарите кренаа глас и почнаа да го падат злото со оружје. Тој кресок на птиците и викотот на стражарите ќе го чујат таа студена Стојан Чакалинов од Негуш, Бино Беломоров од Бер, Герасим Наум од Солун и Ѓорѓ Ќаата од Серес, затворени во една од занданите веќе девет месеци а осудени на девет и десет години.

Потоа гарваните ќе направат еден танц околу џамијата, изградена во затворскиот простор и околу касарните, што некогаш и служеле на војската, додека ова старо утврдување било касарна.

Танцот ќе продолжи кон убавиот бел хотел Колумбо, усидрен како кораб, и кон Солунската и Отоманската банка. Стражарите пред двете банки уплашено гледаа по црните птици. Ќе се развее и по покривите на Чавуш манастир, јужно од Еди Куле, и ќе се крене во воздухот, влечен од некоја чудна сила, и ќе се спушти врз џамијата Касиме, некогаш велелепна црква по име Свети Димитрија, со маѓепсан портал, со божја лаѓа, со сјајни царски двери. Девет гарвани ќе слетаат врз гробот на свети Димитрија, заштитник на градот од 413 година, како молскавици, клукајќи се со клуновите меѓу себе. Една минута подоцна овој танц ќе се здружи со еден друг што го ладеше воздухот над Џемер Капија, некогашна Адријанова Капија. Засилен и згустен, тој ќе го надлета славниот славолак, изграден во чест на минувањето на Константин Велики низ Солун и ќе се накити над џамијата Хортачи ефенди. Одеднаш целата градба, тркалезна по форма, ќе поцрни. Можеби во широките темели се уште е закопана некоја линија од златестата христијанска боја од времето кога таа се викала Ротунда и кога била Кабиров храм. Можеби се скрил некој запис под исламскиот малтер...

од <u>Змија</u> од Иван Чаповски, 1989

- Коментирајте го симболичното значење на гарваните од извадокот.
- Дискутирајте го начинот со кој авторот ја искаже географијата на Солун во извадокот.
- Дискутирајте го начинот со кој авторот ја опише посебната атмосфера на градот.
- Коментирајте го стилот на делото.

1(b)

## Илинден - Август 1903

Се чинеше дека тиранијата
беше вмешана со истиот ветер
по петстотини години,
и изгледаше дека дечињата
ја ципаа од боските
на младите мајки.

Во неприродната поворка
од монотоно ропство
надгробните крстови
беа се што надежта можеше да ни даде.

Но волјата на младите
со решителна енергија
изгради соништа од утопии
од слобода отаде безнадежноста,
зашто тие ја знаеја слободата
отаде јаремот
ставен само од луѓе
и дека светот
не беше врзан
со непроменлива хиерархија.

Смешана со горчливи и крвни паметења
слободата разурнувачки го прекрши
парализираниот ветер.

Над крвното сонце
бели мугри изгреја
огнот се чистеше и ги сечеше
дебелите шуми на темницата
стегата на ропството падна
на таа очајна секунда светлина,
потем монотоните жални пискотии
ужасни во своите непрекинати болки
продолжија и ние дознавме
дека славата беше наша
иако победата се изгуби.

од <u>Фрагменти од една историја</u>, од Џим Томев, 1990

- Дискутирајте за елементи на стилот на песната.
- Прокоментирајте го значењето на фразата - "Над крвното сонце бели мугри изгреја..."
- Прокоментирајте го насловот на песната-"Илинден - Август 1903"
- До колкава мера поемата настојува да го изразува модерниот сензибилитет?